**20251012236**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за урбанистичко планирање,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 15 мај 2025 година.

Бр. 08-2822/1
15 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) по членот 49 се додава нов член 49-а, кој гласи:

„Член 49-а

По исклучок од членот 49 од овој закон, постапката за изработување на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точка 5 од овој закон, кои се однесуваат на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидроенергија), се состои од задолжително спроведување на јавна презентација која изнесува најмногу 10 дена, врз основа на претходно објавен општ јавен повик во времетраење од најмногу пет дена пред денот на одржувањето на јавната презентација. Јавната презентација и општиот јавен повик ги спроведува односно објавува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. За јавната презентација се изготвува извештај од страна на стручна комисија формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, при што доколку од јавната презентација произлезе потреба од измена на предложеното планско решение, стручната комисија дава насоки за истото во самиот извештај.

Во постапката за изработување на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точка 5 од овој закон, кои се однесуваат на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидроенергија) не се применуваат одредбите од членот 49 од овој закон.“.

Член 2

Започнатите постапки за изработување на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точка 5 од овој закон кои се однесуваат на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидроенергија), за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не е објавен општ јавен повик, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.